МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 19 став 2 и член 20 став 2 од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија" бр.110/07 и 20/09), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА МАГАЦИНИТЕ, УСЛОВИТЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ЃУБРИЊАТА И УСЛОВИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ПРИ ПЛАСИРАЊЕ НА ПАЗАР НА ЃУБРИЊА НА ГОЛЕМО И МАЛО

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови за магацините, условите за сместување и чување на ѓубрињата и условите за заштита на животната средина при пласирање на пазар на ѓубриња на големо и мало.

## Член 2

(1) Правното лице кое врши дејност пласирање на пазар на ѓубриња на големо треба да ги исполнува следните услови:

1) Да поседува магацин со задоволителен капацитет за сместување на ѓубриња, кој овозможува одржување на квалитетот, правилно и безбедно ракување со ѓубрињата, како и просторија за гардероба и санитарен јазол;

2) Работниот дел од магацинот треба да служи за престој и работа на стручни лица, и во истиот треба да бидат сместени литература, рекламен материјал (проспекти, упатства и друго) и други помагала во работата;

3) Продажниот дел од магацинот треба да служи за пласирање на пазар на ѓубриња на големо, а доколку во продажниот дел се врши продажба и на производи за заштита на растенијата и семе и саден материјал, тие треба да бидат сместени во посебно издвоен простор на продажниот дел, и

4) Дел од магацинот за ѓубриња треба да служи за сместување на палети кои овозможуваат одржување на квалитетот, правилно и безбедно ракување со ѓубрињата.

(2) Во продажниот дел од магацинот треба да биде вградена соодветна вентилација за проветрување на просторијата.

(3) Ѓубривата кои се наоѓаат во магацинскиот или во продажниот дел од магацинот и се пуштаат во промет, треба да бидат спакувани во оригинално пакување.

(4) Правното лице кое врши пласирање на пазар на ѓубрива на големо, во магацинот треба да има кутија за прва помош и противпожарен апарат.

**Член 3**

(1) Правното лице кое врши дејност пласирање на пазар на ѓубрива на мало треба да ги исполнува следните услови:

1) Да има објект со ограден работен, продажен и магацински дел, како и просторија за гардероба и санитарен јазол;

2) Работниот дел треба да служи за престој и работа на стручните лица, и во истиот дел треба да бидат сместени литература, рекламен материјал (проспекти, упатства и друго) и други помагала во работата;

3) Продажниот дел треба да служи за пласирање на пазар на ѓубрива на мало, а доколку во продажниот дел се врши продажба и на производи за заштита на растенија и семе и саден материјал, тие треба да бидат сместени во посебно издвоен простор на продажниот дел, и

4) Магацинскиот дел треба да служи за сместување на ѓубрива на палети кои овозможуваат одржување на квалитет, правилно и безбедно ракување со ѓубрива.

(2) Во магацинскиот дел треба да има засебно место за привремено складирање на ѓубрива со изминат рок, кои треба да се чуваат се до нивно преиспитување, предекларирање или конечно отстранување.

(3) Во продажниот и магацинскиот дел треба да биде вградена соодветна вентилација за проветрување на просторијата.

(4) Ѓубривата кои се наоѓаат во магацинскиот или во продажниот дел и се пуштаат во промет, треба да бидат спакувани во оригинално пакување.

(5) Правното лице кои врши пласирање на пазарот на ѓубрива на мало, во просторијата треба да има кутија за прва помош и противпожарен апарат.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Министер за животна средина и просторно планирање,
д-р **Неџат Јакупи**, с.р.

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски**, с.р.

Бр.17-207/4

септември 2010 година

Скопје